**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Т.6**

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл.489 од Законот за трговски друштва , Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За исплата на аванс на дивиденда**

Се овластува Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, во текот на деловната 2025 година врз основа на периодична сметка или периодичните финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, ревидирани од страна на овластениот ревизор, да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда за тековната година.
Авансот на дивиденда, може да се исплати само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за кој што се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивиденда.

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622